

Стебло на желбите ИБРАХИМ БЕДИ

## СТЕБЛО НА ЖЕЛБИТЕ





Скулпторскиот дискурс на Ибрахим Беди /1959/ глобално се генерира од евро-азискиот културен круг. Неговиот синкретички ментален и духовен склоп спонтано се еманира и неминовно се прелева врз неговиот творечки хоризонт. Синкретизмот е негова, алфа и омега на неговиот творечки идентитет. Низ принципот на цитирање, колажирање и монтирање на фрагментите, со нивното заемно варирање и лавирање, како и со транскрипцијата и транслитерацијата, Ибрахим Беди ја ткае суптилната интермедијална и интеркултурна синтакса на неговото лирско писмо.

Иницијалната средба со неговите едноставни, примитивни но сепак барокно компонирани, транспарентни мобилни и статични елементи (кои и припаѓаат на сферата на **arte povera**) ја препознаваме флуктуриачката симплифицирана арабескна наративна линија, чии заплети и преплети ја ткаат структурата на неговиот проект насловен **СТЕБЛО НА ЖЕЛБИТЕ**. Во транспарентната морфологија на сегментите набљудувачот го наслушнува ехото на далечните, но сеуште живи и актуелни пагански обичаи кои што модифицирани сѐ до денес егзистираат во сите култури и цивилизации. Преку интерполацијата на различните детали врз архитектониката на скулпторските целини ја препознаваме магијата на авторовите заводливи обредни игри кои што го провоцираат набљудувачот активно да се вклучи во играта на аплицирањето на своите желби. Со наративните заплети на линиите, авторот не ја гради само пирамидалната морфологија на архитектонските елементи кои што реферираат на стаклените канделабри, односно на ламбите од џамијата Сулејманије во Истамбул, туку со празнините меѓу линиите, со треперливата воздушна аура, ја симулра транспарентноста на материјалите и акустиката која ја предизвикуваат мобилните елементи во просторот. Лирската интонација на овој суптилно обликуван концепт чија модифицирана и едноставна примитивна форма е збогатена со фрагменти од обоена хартија, пигменти, огледала и конци, претставува суптилен омаж на турскиот градителски гениј препознаен во името на Мимар Синан.

Конча Пирковска





## A STEM OF THE WISHES

The sculptural discourse of Ibrahim Bedi (1959) is globally generated by the Euro-Asian cultural circle. His mental and spiritual composition of syncretic nature is spontaneously emanating and inevitably overflowing his creative horizon. The syncretism is his destiny, alfa and omega of his creative identity. With the principle of citation, collage and montage of fragments, with their mutual variation and manoeuvre, as well as with the transcription and transliteration, Ibrahim Bedi is weaving his subtle intermedial and intercultural syntax of his lyric letter.

The initial encounter with his simple, primitive, but yet "baroque" composed, transparent, mobile and static elements (which belong to the sphere of arte poverta), we recognize the fluctuating, simplified, arabesque and narrative line, whose plots and interlacings weave the structure of his project entitled "**A STEM OF THE WISHES**". The observer overhears the echo of the distant, but still alive and current pagan customs which exist modified to the present day in all cultures and civilizations in the transparent morphology of the segments. We can recognize the magic of the author's seductive ritual games which provoke the observer to join actively in the game of an application of your own wishes through the interpolation of various details into the architectonics of the sculptural entities. With the narrative plots of the lines, the author is not building up just the pyramidal morphology of the architectonic elements which report on the glass candelabras, or in other words, the bulbs of the Sulejmanie Mosque in Istanbul, but with the spaces between the lines, with the trembling air aura, he stimulates the transparency of the materials and acoustics which is created by the mobile elements of the space. The lyric intonation of this subtly shaped concept, whose modified and simple primitive form is enriched with the fragments of coloured paper, pigments, mirrors and threads, represents a subtle omaz of the Turkish building genious recognized by the name of Mimar Sinan.

Konca Pirkovska

**IBRAHIM BEDI** was born in Skopje in the year 1959 where he graduated at the department of sculpture at the Applied Art School in the years 1978/79 and at the department of sculpture at the Fine Arts Faculty in the year 1985 in the class of Professor Petar Hagxy Boshkov. During the period of 1996 to 1998 he enrolled the postgraduate studies at the same faculty (the first year in the class of the late full-time Professor Stefan Manevski, and the second year in the class of the full-time Professor Vasil Vasilev). He obtained a Master's degree in 1999.

From 1985 till 1989 he was a member of the Zero Group with which he organized a lot of exhibitions,hapennings, performative and video projects and educative projects with children from the Primary Schools in Skopje and Shtip. He works independently and with Professor Jengis Bektash from Turkey .

Since 1991 he has been employed at the Nationalities Theatre as a scenographer, where he performs numerous theatrical and television scenographies.

In 1991, as a winner of the Fine Arts Academy scholarship at the Mimar Sinan University ,awarded by the Ministry of the Republic of Turkey, he stayed one year at the same University in Istambul and at the studio of the world wide known architect,sculptor and poet Jengis Bektash. While he stayed with Professor Bektash in the year 1992, he stayed six months at the Jildiz University where his mentor was Professor Tomur Atagok ,where he did researches into the area of fine arts, as well as researches in Kapadokia, one of the greatest sculpture and architectonic centres shaped by nature, known in the world as the Seventh World Wonder.

At 1997he was the only representative of the Republic of Macedonia at the International Biennial in Istambul.

Independent exhibitions:
1986 - Skopje, 25 May Gallery
1987 - Saraevo, CEDUS Art Gallery
1991 - Skopje, Skopje Art Gallery, Daut Pasha Amam
1992 - Istanbul (Turkey), Kadikoy Cultural Centar
1992 - Istanbul (Turkey), Uuksel Sabanci Cultural Center
1993 - Istanbul (Turkey), an exhibition of drawings and objects Kusgundrug
1996 - Skopje, "My room", SAM Gallery (the Union of the Arhitects of Macedonia)
1997 - Skopje, Prag an independent video project, Chifte Amam
1999 - Skopje Art Gallery, Daut Pasha Amam
2001 - an exhibition of drawings and objects, Strumica
2001 - an exhibition of drawings and objects, Prilep

He has participated in many group exhibitions in Belgrad, Saraevo, Rieka, Istanbul, Nirnberg, Drezden, Shtip, Veles, Bitola, Skopje

He has been aworded many prizes too, such as:
1985 - The Annual Prize by the Fine Arts Faculty
1990 - A scolarship by the Government of the Republic of Tyrkey
1985 - A reward for a drawing by NUB St. Kliment Ohridski

**БЕДИ ИБРАХИМ** е роден во Скоје во 1959 година каде завршува Училиште за применета уметност, оддел скулптура (1978/79 година) и Факултет за ликовни уметности, оддел скулптура (1985 година), во класата на проф. Петар Хаџи Бошков. Во текот на 1996 - 1998 година е запишан на постдипломските студии на истиот Факултет, (прва година во класата на покојниот ред. проф. Стефан Маневски, а втора година во класата на ред. проф. Васил Василев). Магистрира во 1999 година.
Од 1985 - 1989 година е член на групата Зеро со која организира многу изложби, хепенинзи, перформански, видео проекти и едукативни проекти со деца од основните училишта во Скопје и Штип. Работи самостојно и со проф. Џенгис Бекташ од Турција.
Од 1991 година вработен е во Театарот на народностите како сценограф, каде што изведува бројни театарски и телевизиски сценографии.
Во 1991 година како добитник на стипендија на Ликовната академија при Универзитетот Мимар Синан, доделена од Министерството на Република Турција, престојува една година на истиот Универзитет во Истанбул и во ателјето на светски познатиот архитект, скулптор и поет, Џенгис Бекташ. За време на престојот кај проф. Бекташ во текот на 1992 година, шест месеци престојува на Универзитетот Јилдиз под менторство на проф. Томур Атагок, каде врши истражувања од областа на ликовната уметност, како и истражувања во Кападокија, еден од најголемите скулпторско - архитектонски центри обликуван од природата, познат во светот како седмо светско чудо.
Во 1997 година е единствениот претставник на Република Македонија на Интернационалното Биенале во Истанбул.

Самостојни изложби:
1986 - Скоје, Галерија 25 Мај
1987 - Сараево, Уметничка галерија ЦЕДУС
1991 - Скопје, Уметничка галерија Скопје, Даут пашин амам
1992 - Истанбул (Турција), Kadikoy Cultural Centar
1992 - Истанбул (Турција), Uuksel Sabanci Cultural Centar
1993 - Истанбул (Турција) изложба на цртежи и објекти Кусгундзуг
1996 - Скопје, “Моја соба”, Галерија САМ (Сојуз на архитекти на Македонија)
1997 - Скопје, самостоен видео проект Праг, Чифте амам
1999 - Уметничка галерија Скопје, Даут пашин амам
2001 - Изложба на цртежи и објекти, Струмица
2001 - Изложба на цртежи и објекти, Прилеп

Учествува на повеќе групни изложби во Белград, Сараево, Ријека, Истанбул, Нирнберг, Дрезден, Париз, Штип, Велес, Битола, Скопје.

Има добиено повеќе награди и тоа:
1985 - Годишна награда на Факултетот за ликовна уметност
1990 - Стипендија на Владата на Република Турција
1985 - Награда за цртеж од НУБ Св. Климент Охридски

# IBRAHIM BEDI **A Stem of the Wishes**



Проектот е финансиран од Министерството за култура на Р. Македонија

Издавач: Дирекција за култура и уметност - Скопје
СКОПСКО ЛЕТО 2003
За издавачот: Никола Глигоров
Организација: Ната Кецкаровска
Дизајн: Милчо Серафимовски
Печати: Кронос
Тираж 500 примероци

Pubisher: Directorate of culture and Atrs - Skopje
SKOPJE SUMMER 2003
For the publisher: Nikola Gligorov
Organizacion: Nata Keckarovska
Design: Milco Serafimovski
Printed: Kronos
Copies: 500

Министерство за култура

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ. Тел.: 3 238 372; 3 222 341; 3 165 064; e-mail:skleto@unet.com.mk